ПАРТИ СЕРВИС ЛЕО ДООЕЛ
ул.1519 бр.9, П.Фах 787
1000 Скопје, Р.Македонија
ЕДБ МК4030005535744
ЕМБС 5951666
Тел/Факс: (+389 2) 2459-459

CATERING
подготвени за вас

CERTIFICATE HACCP    CERTIFICATE EN ISO 9001:2015

# КОРПОРАТИВНА ПОЛИТИКА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Општествената одговорност е интегрален дел од работењето на Парти Сервис Лео и се отсликува во доброволната посветеност за континуиран придонес и унапредување на општествената заедница преку позитивно влијание врз опкружувањето.

Менаџментот на Парти Сервис Лео ја дефинираше и одобри корпоративната политика за општествена одговорност со која сака да ги афирмира и долгорочно спроведува вредностите во своето работење во полза на сите заинтересирани страни.

Во работењето на компанијата, посветеноста кон општествената одговорност се заснова на етичкиот пристап, и корпоративните вредности за чесно, коректно и одговорно однесување, уважувајќи ги правилата на етика и морал преку:

## 1. ИНТЕРНА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

- **Грижа за вработените**
  Еднакви можности за сите кандидати при вработувањето и професионалниот развој.
  Единствен критериум за напредување е квалитетно извршување на работните задачи со професионален пристап и почитување на вредностите на компанијата. Правата на вработените ги почитуваме согласно сите законски регулативи.

Во работењето на компанијата, грижата за вработените се заснова на вредностите за чесност, праведности и интегритет на вработените, поттикнато преку обезбедување соодветни услови и опрема за работа, редовна исплата на примањата, можности за напредување и учество во процесот на носење одлуки, што придонесува за мотивација на вработените и способноста на компанијата да одржи и привлече квалитетни човечки ресурси.

## 2. ЕКСТЕРНА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

- **Ангажираност во заедницата преку хуманитарни и волонтерски активности, донации и спонзорства**
  Трајна заложба и цел на компанијата, која потекнува од нејзиниот сопственик и основач, е помагање на загрозени поединци или групи граѓани со цел подобрување на нивното секојдневие и услови за задоволување на основните човекови потреби преку вложувањето во квалитетот на животот.

ПАРТИ СЕРВИС ЛЕО ДООЕЛ
ул.1519 бр.9, П.Фах 787
1000 Скопје, Р.Македонија
ЕДБ МК4030005535744
ЕМБС 5951666
Тел/Факс: (+389 2) 2459-459



Преку одлуки кои генерираат позитивно влијание во општеството и животната средина ја развиваме општествената одговорност и цврсто стоиме зад донесените одлуки и спроведени активности, бидејќи за нас во Парти Сервис Лео општествената одговорност е инвестиција и долгорочен императив во нашето работење. Преку стратегиски пристап и тимска работа, вработените со своето професионално знаење и новите идеи придонесуваат за успехот на компанијата, но и за поголема општествена одговорност.

- **Квалитетни односи со клиентите и деловните партнери**
  Градејќи професионални односи со клиентите го градиме и успехот на нашата компанија кој може да се постигне исклучиво преку задоволството на нашите клиенти. Најквалитетен производ и услуга е обврска на секој вработен во нашата компанија. Исклучиво позитивниот и професионален пристап е единствениот начин за решавањето на сите проблеми на клиентите.

Во развојот, извршувањето и комуникацијата на општествената одговорност, кај нашите деловни партнери, клиенти и други засегнати страни, се раководиме од високите професионални стандарди за управување со компанијата.

- **Почитување на законите и нормите**
  Парти Севис Лео ги следи, спроведува и почитува сите законски прописи поврзани со нашиот делокруг на работа со цел максимално одговорно работење.